Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 261//0306
23.05 20 25 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 13.05.2025 година, врз основа на примена жалба од **Стоматолошката комора на Македонија,** ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**

**ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА**

Текстот со наслов **„Скандал! Ќе останат без лиценци стоматолозите кои релиценцирале со сертификати издадени од фиктивни здруженија“**, објавен од онлајн медиумот Македонски медиумски сервис-ММС.мк (mms.mk) на 25.04.2025 г. отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

## ЖАЛБА

Жалителот до СЕММ на 25.04.2025 г., упати жалба за текстот „Скандал! Ќе останат без лиценци стоматолозите кои релиценцирале со сертификати издадени од фиктивни здруженија“, објавен од онлајн медиумот Македонски медиумски сервис-ММС.мк (mms.mk) на 25.04.2025 г., при што се жали на „незастапена втора страна и на мешање на факти и мислења, вест со коментар.

Во жалбата се наведува дека „ММА, како и Радио мрежа Канал 77 при споделување на информацијата на својата ФБ-страна, не побарале мислење од Стоматолошката комора во врска со случајот, туку објавиле текст од Здружение без да ги проверат сите факти, со тенденциозен наслов, со што ги доведуваат во заблуда сите доктори на стоматологија со активна лиценца за работа“.

Во жалбата на СЕММ му е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот и линкот од објавата), како и образложение на жалителот.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок беше доставен одговор од медиумот. Во одговорот меѓу другото се наведува:

„Во текстот е пренесена реакција од Здружение на приватни здравствени стоматолошки установи и приватни доктори по дентална медицина ЗПЗСУ ПДДМ од Кавадарци, а повод за нивната реакција, меѓу другото, е извештајот од Комисијата за вршење на надзор и законитоста на работата во вршење на јавното овластување на Стоматолошка комора, каде неправилностите се објвени на 15 страни. Токму затоа е и објавена реакцијата од Здружението,бидејќи во прилог беше доставен и извештајот од Комисијата, која функционира под Министерство за здравство. Проблемот е што во објавата на соопштението едноставно испуштивме да го закачиме и извештајот.“

Медиумот наведува дека се подготвувал за поширока сторија со сите засегнати страни, како и тоа дека се согласни со процес на медијација. Сепак медијацијата не беше успешна бидејќи медиумот не го објави извинувањето, како што било договорено со двете страни.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстот со наслов „Скандал! Ќе останат без лиценци стоматолозите кои релиценцирале со сертификати издадени од фиктивни здруженија", објавен од онлајн медиумот Македонски медиумски сервис-ММС.мк (mms.mk) на 25.04.2025 г. отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што е прекршен член 1 од Кодексот на новинари на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за текст кој третира прашање што е од јавен интерес, односно прашање поврзано со издавање лиценци и релиценцирање на лекарите стоматолози.

Комисијата констатираше дека станува збор за објавено соопштение на Здружението на приватни здравствени стоматолошки установи и приватни доктори по дентална медицина ЗПЗСУ ПДДМ, во кое се алармира дека голем број стоматолози кои извршиле лиценцирање или релиценцирање преку приватни здруженија кои не биле впишани во Централниот регистар на РСМ, а имале склучено договор со Стоматолошката комора на Македонија, може да останат без своите лиценци.

Комисијата констатираше дека иако со текстот е пренесено соопштение на едно приватно здружение ЗПЗСУ ПДДМ, и иако формата е запазена во смисла дека се наведува чие е тврдењето, сепак текстот е едностран, вознемирувачки, пред се во насловот, кој не одговара на фактите изнесени во соопштението.

Во насловот децидно се нагласува дека станува збор за „скандал" и се тврди дека „ќе останат без лиценци стоматолозите кои релиценцирале со сертификати издадени од фиктивни здруженија".

Во самото соопштение, пак, уште во првиот пасус, во текстот се наведува дека „е доведена во прашање важноста на лиценците за работа на сите стоматолози во нашата држава" поради пропусти во работата на Стоматолошката комора на Македонија кога склучувала договори со приватни здруженија на стоматолози.

Поради ваквата разлика во изнесувањето на фактите во насловот и оние во текстот, како и поради фактот што веста е пренесена едностранo, без да се направи обид да се добие став и на другата страна, Комисијата заклучи дека е прекршен Кодексот на новинарите на Македонија во членот 1.

**Член 1**

> Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Во согласност со наведеното, Комисијата едногласно одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Снежана Трпевска, Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Тамара Чаусидис, Димитар Мицев, Зериета Јајага и Жана Божиновска.

Со почит,

Совет за етика во медиумите
на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595